**Триглав Осигурување АД**
бул. 8-ми Септември бр. 16
1000 Скопје



# Дополнителни услови за осигурување на членови на ловни и риболовни организации од последици на несреќен случај

УС-нвд-ЛОВ
20-12-мк

## член 1: општи одредби

[1] Општите услови за осигурување на лица од последици на несреќен случај (во понатамошниот текст: Општи услови) и овие Дополнителни услови се составен дел од договорот за осигурување на членови на ловни и риболовни организации од последици на несреќен случај.

[2] Договарач на осигурувањето според овие дополнителни услови може да биде само ловна, риболовна или друга организација која организира лов или риболов.

## член 2: осигурени лица

[1] Лицата наведени во член 1, став (1) од овие Дополнителни услови се осигуруваат без оглед на нивната здравствена состојба и општа работоспособност и старост, како и без плаќање на зголемена премија во смисла на член 9 став (1) точка 6 од Општите услови, освен лицата кои според член 4 став (3) од Општите услови, во секој случај се исклучени од осигурување.

## член 3: осигурени опасности

[1] Осигурувачот има обврски за несреќните случаи кои настануваат при учество на спортски и професионален лов и риболов, и тоа:

1) во лов односно риболов, при чистење на ловечка пушка, при подготовка на муниција, при учество во вежби и спортски приредби, освен при учество на забавни приредби;
2) при извршување на должности по налог на организацијата, како што се: учество на состаноци и конференции, набавка на ловен или риболовен материјал за организацијата и сл.

## член 4: осигурување со список на имиња на осигурениците

[1] Ако е договорено осигурување со список на имиња на осигурениците, осигурени се само оние членови кои се поименично наведени во полисата или списокот приложен со полисата.

[2] За новопријавените членови, осигурителното покритие започнува во 24:00 часот оној ден кој е наведен како почеток на осигурување во писмената пријава предадена на осигурувачот, но не пред 24:00 часот оној ден кога осигурувачот ја примил пријавата. За одјавените членови, осигурителното покритие престанува во 24:00 часот оној ден кој е наведен во одјавата како крај на осигурувањето.

[3] Во секој случај, осигурителното покритие за поединечен осигуреник престанува во 24:00 часот оној ден кога ќе престане да биде член во организацијата наведена во полисата.

## член 5: осигурување без список на имиња на осигурениците

[1] Ако е договорено осигурување врз основа на регистар или друга службена евиденција - без список на имиња на осигурениците - осигурени се сите лица кои се водат како членови во тие службени евиденции.

[2] За новопримените членови осигурителното покритие почнува во 24:00 часот на денот на пристапување во членство, и тоа без претходна пријава.

[3] Во секој случај, осигурителното покритие за поединечен осигуреник престанува во 24:00 часот оној ден кога престанал да биде член во организацијата наведена во полисата.

## член 6: плаќање на премија

[1] За осигурување врз основа на член 4 од овие Дополнителни услови, премијата се плаќа однапред за цела осигурителна година, и тоа за сите членови наведени во списокот.

[2] За осигурување врз основа на член 5 од овие Дополнителни услови, премијата се плаќа однапред за цела осигурителна година, и тоа за вкупниот број на членови на организацијата на денот на договарање на осигурувањето.
Конечната пресметка на премијата се врши на крајот на осигурителната година, ако во текот на годината пристапиле нови членови. Договарачот мора во рок од 30 дена од истекот на осигурителната година да го пријави бројот на нови членови кај осигурувачот и воедно да плати годишна премија за нив.

[3] Премијата е неделива и се плаќа за секој член во годишен износ, без оглед на тоа колку време бил член на организацијата во текот на осигурителната година.

[4] Договарачот е должен да ја плати договорената премија на осигурувачот за сите осигуреници без исклучок и за цело времетраење на осигурувањето, во рокот кој е наведен во полисата.

[5] Обврската на осигурувачот кон поединечен осигуреник постои и во случај кога договарачот не ја платил премијата во рокот наведен во полисата, ако несреќниот случај настанал за времетраењето на осигурувањето според одредбите од членовите 6 и 16 од Општите услови.

[6] Договарачот е должен да му дозволи увид на осигурувачот во својата евиденција од која може да се утврди вистинскиот број на членови во секоја осигурителна година, како и дали лицето на кое му се случило несреќниот случај било член на организацијата на денот на несреќниот случај.

## член 7: исплата на дневен надомест

[1] Ако е договорено осигурување на дневен надомест за минлива неспособност за работа, осигурувачот му исплаќа на осигуреникот кој поради несреќен случај не е способен за работа, дневен надомест во договорената висина за деновите кои следат по почетокот на лекувањето до последниот ден на траење на неспособноста за работа, но најмногу за 200 дена.
За минлива неспособност за работа се зема само времето во кое осигуреникот бил неспособен за извршување на своите редовни работни задачи, но не и времето во кое бил неспособен за занимавање со спорт.

## член 8: ограничување на опсегот на обврските на осигурувачот

[1] Ако осигуреникот во моментот на несреќниот случај бил постар од 75 години, осигурувачот исплаќа 50% од износот кој инаку би морал да го плати.

## член 9: пријава на осигурениот случај

[1] Договарачот е должен да го пријави на осигуреникот секој несреќен случај кој му се случил на членот при извршување на осигурената активност и да му ги даде на осигурувачот сите потребни податоци за утврдување на постоењето и висината на неговите обврски.

## Член 10: примена на општи услови за осигурување на лица од последици на несреќен случај (незгода)

За осигурувањата склучени согласно овие Дополнителни услови се применуваат и Општи услови за осигурување на лица од последици на несреќен случај (незгода), доколку не се во спротивност со Дополнителните услови.

## Член 11: важност на условите

Овие Дополнителни услови стапуваат во сила од денот на нивното донесување, а ќе се применуваат од 01.01.2021 година.